Министерство за животна средина и
просторно планирање
Државен инспекторат за животна средина

ИП1 29-94
Дата: 01.04.2025,
Гевгелија,

Република Северна Македонија

Министерство за животна средина и просторно планирање
Државен инспекторат животна средина
Палата"Емануел Чучков"
Ул.Бихаќка бр.2, 5ти спрат
Република Северна Македонија
E-meil:v.ljateva@sei.gov.mk,
info@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

Државниот Инспекторат за животна средина преку Вера Љатева ,со службена легитимација број 06-0016 ,изврши Редовен инспекциски надзор во ДПТУ Глорион петрол доо Мрзенци Гевгелија ,застапувано од Славица Танева-управител и со Записник бр ИП1 29-94 од 27.03.2025 година ,ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 200 од Закон за Животна средина средина (Сл.весник на Р.М. бр 53/05,81/05,24/07,159/08,48/2010,124/2010,51/2011,123/2012, 93/13,187/13,129/15,192/15,39/16,99/18,176/21и99/22и03/2025),член 33 од Закон за инспекциски надзор во животната средина (Сл.весник)се донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** ДПТУ ДПТУ Глорион петрол доо Мрзенци Гевгелија , да ги отстрани недостатоците утврдени со записникот ИП 1 29-94 од 27.03.2025 и тоа:

1. Да го достави Елаборатот за заштита на животната средина на надлежен орган на одобрување и спроведување( Управа за животна средина при МЖСПП)

Рок :30 (триесет дена) по приемот на решението.

2.Субјектот на инспекцискиот надзор од точките 1 на оваа решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциска мерка, а најдоцна во рок од три дена писмено / или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки(.v.ljateva@sei.gov) ,

3.Жалбата против оваа решение не го` одлага неговото извршување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Направен е Редовен надзор во Бензинска станица Глорион Петрол с.Мрзенци Гевгелија лоцирана на ул Методи Андонов Ченто бр1 Мрзенци Гевгелија .Од увидот се констатира дека правниот субјект има изготвено Елаборат за животна средина во три копии изработни од Технички институт Македониија со број 0307-3135/7/24од 27.12.2024 и истиот во моментот не доставен до надлежен орган МЖСП.Согласно член 24 од Закон за животна средина истиот потребно е да се достави до надлежен орган. При увидот во Елаборатот се констатира дека Комуналниот отпад се предава на ЈПКД Комуналец Гевгелија со кој имат склучено договор.Имат извршени Мерења на бучава во животната средина при што се констатира дека нема надминување на максимални дозволени вредности согласно правилник (СЛ весник на РСМ 147/08) и Мерења на концентрации на цврсти честитчки пм 10 од измерените вредности се констатира нема надминување на грничните вредности и се во МДК согласно Уредбата на гранични вредности (Сл.весник на РСМ 53/05...183/17) каде што измерена

Република Северна Македонија

Министерство за животна средина и просторно планирање
Државен инспекторат животна средина
Палата"Емануел Чучков"
Ул.Бихаќка бр.2, 5ти спрат
Република Северна Македонија
E-meil:v.ljateva@sei.gov.mk, info@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

вредносте 28.6 микрограми на метар кубен а МДК се 50 микрограми на метар кубен.Исто така направено е мерење на испарливи органски соединенија и резултатите се во дозволени гранични вредностиодносно нема детектирано VOC гасови.Правниот субјект е вклучен на водоснабдителен систем и канализационен систем на ЈПКД Комуналец Гевгелија.Не се достави Решение за одобрување и спроведување на Елаборатот за заштита на животната средина согласно член 24 од ЗЖС.Согласно овластувањата што произлегуваат од член 198 став 1 точка7од Законот за животна средина и Уредбата за дејности и активности за кој задолжително се изработува елаборат за заштита на животната средина(Сл весник на РМ бр36/12) и член 200 став1точка9 а во врска со член24од ЗЖС и се донесе Решение како во диспозитивот.Доколку во определениот рок не се постапи по решението,Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка.Согласно член 200 став 4 од Законот за животна средина(Сл.весник на Р.М. бр:53/2005,81/2005,24/2007,159/2008,83/2009,48/2010, 51/2011,123/12,..129/15,39/16.,99/22,117/22и03/2025).

Жалбата изјавена против оваа Решение не го одлага неговото извршување во смисла на член 208 став 10 од Законот за животна средина(Сл.весник на Р.М. бр:53/2005,81/2005,24/2007,159/2008,83/2009,48/2010,51/2011...99/18).

**ПРАВНА ПОУКА :** Против ова решение може да се изјави жалба во рок од15дена од приемот на решението согласно член 84 од Закон за инспекциски надзор,до Државната комисија за одлучување во управна постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор втор степен. Согласно член 208 став 8 од Закон за животна средина .
Жалбата се таксира со 250,00(двестаипедесет)денари административни таксени марки.

Решено во Државен инспекторат за животна средина – канцеларија во Гевгелија под број ИП1 29-94 од 01.04.2025година.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Љатева Вера

Доставено до:
-архива,
-Глорион петрол Мрзенци Гевгелија